**А – Кон барањето за издавање на првата единствена дозвола заради прекугранично вршење на работи со упатени работници треба да се приложи:**

- фотографија на странецот или референтниот број од електронскиот клипборд на фотографии;
- патна исправа или заверена фотокопија од патната исправа на странецот;
- доказ за социјално осигурување од државата од која е упатен што содржи здравствено осигурување што ги покрива барем итните здравствени услуги во Република Словенија. Доколку социјалното осигурување од матичната земја не го содржи здравственото осигурувување, тогаш мора да се приложи и доказ за соодветно здравствено осигурување што ги покрива барем итните здравствени услуги во Република Словенија;
- доказ дека има доволно средства за издржување;
- уверение од кривичната евиденција од матичната држава на странецот;
- договор за вршење на услуги за нарачателот;
- доказ за регистрација на странскиот работодавач.

**Во постапката за издавање на единствената дозвола, управната единица по службена должност ќе ги добие следниве податоци:**

- од кривичната евиденција и евиденцијата за донесените правосилни пресуди односно за решенијата за прекршоци што ги води Министерството за правосудство во Република Словенија;
- од евиденциите за правосилните одлуки за сторените прекршоци што ги водат прекршочните органи во Република Словенија;
- за поднесените обвинителни акти што влегле во правна сила и за издадените неправосилни пресуди од евиденциите што ги води надлежниот суд;
- од евиденциите што ги води даночниот орган за втасаните ненамирени даночни обврски и за даночните прекршоци што се означени како даночна тајна.

**Б – Кон барањето за издавање на единствената дозвола заради стручно усовршување во трговско друштво во Република Словенија треба да се приложи:**

- фотографија на странецот или референтниот број од електронскиот клипборд на фотографии;
- патна исправа или заверена фотокопија од патната исправа на странецот;
- доказ за социјално осигурување во државата од која е упатен;
- доказ дека има доволно средства за издржување;
- уверение од кривичната евиденција од матичната држава на странецот, секогаш во случај на барање за издавање на прва дозвола, а во останатите случаи само ако тоа го бара органот;
- договор за стручно усовршување склучен помеѓу трговско друштво со седиште во Република Словенија и трговското друштво со седиште во некоја трета земја или земја членка на ЕУ или ЕЕА;
- доказ за регистрација на странскиот работодавач;
- договор за вработување со работодавачот чиешто седиште е во некоја трета земја или во земја членка на ЕУ или ЕЕА, преведен на словенечки јазик.

**Во постапката за издавање на единствената дозвола, управната единица по службена должност ќе ги добие следниве податоци:**

- од кривичната евиденција и евиденцијата за донесените правосилни пресуди односно за решенијата за прекршоци што ги води Министерството за правосудство во Република Словенија;
- од евиденциите за правосилните одлуки за сторените прекршоци што ги водат прекршочните органи во Република Словенија;
- за поднесените обвинителни акти што влегле во правна сила и за издадените неправосилни пресуди од евиденциите што ги води надлежниот суд;
- од евиденциите што ги води даночниот орган за втасаните ненамирени даночни обврски и за даночните прекршоци што се означени како даночна тајна.

**Информации во врска со заштита на личните податоци:**

- личните податоци од образецот се наменети исклучиво за издавање на дозволата за престој и истите се обработуваат во согласност со член 93 од Законот за странци;
- органот има право да побара и други податоци ако тоа е во ваш интерес и ако со тоа се согласувате или ако тоа го допушта законот, а согласноста што сте му ја дале на органот може да ја отповикате кога било;
- ако се исполнети пропишаните услови, вие имате право да се запознаете со сопствените лични податоци, право да побарате ограничување на обработката и право на приговор против обработката;
- имате право да проверите дали вашите лични податоци што се внесени во дозволата за престој се точни и право да барате нивна измена или нивно бришење доколку се исполнети пропишаните услови за тоа;
- управувачот ги чува вашите податоци во согласност со член 115 од Законот за странци;
- контакт на овластеното лице - официр за заштита на личните податоци во Министерстворо за внатрешни работи: електронска адреса: dpo.mnz@gov.si;
- ако мислите дека вашите податоци се обработуваат незаконски имате право да поднесете жалба до Информацискиот повереник.